EDUCATION FOR EMPLOYMENT IN NORTH MACEDONIA

# Влијанието на КОВИД -19 врз македонскиот систем за Развој на Стручни Вештини/Стручно Образование и Обука како и врз проектот Е4Е@мк

Проект на:

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Имплементиран од:

HELVETAS NORTH MACEDONIA

MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

## Република Северна Македонија / Швајцарија 30.06.2020

## Содржина

1. КОВИД-19....................................................................................................3
2. Општество ................................................................**Error! Bookmark not defined.**
3. Економија..................................................................**Error! Bookmark not defined.**
4. СОО/РСВ ....................................................................................................5
5. Клучни предизвици поврзани со КОВИД-19...............................................6
6. Заклучок....................................................................**Error! Bookmark not defined.**
7. Повратни информации на извештајот.........................................................14

## Кратенки

| | |
|---|---|
| ОЛП | Организација на лица со попреченост |
| Е4Е@мк | Проект Образование за вработување во Северна Македонија |
| СКМ | Стопанска комора на Македонија |
| АВРСМ | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| РСИ | Родова и социјална инклузија |
| ЧР | Човечки ресурси |
| ИПА | Инструмент за претпристапување |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| ЕУ | Европска унија |
| НВО | Невладина организација |
| ЈПП | Јавно-приватно партнерство |
| СОО | Стручно образование и обука |
| РСВ | Развој на стручни вештини |
| УПР | Учење преку работа |
| СЗО | Светска здравствена организација |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |

# 1. КОВИД-19

Во јануари 2020 година, Светската здравствена организација (СЗО) потврди дека нов корона вирус е причината за респираторно заболување кај  кластер на луѓе во градот Вухан, Кина. Во март 2020 година, генералниот секретар на СЗО прогласи пандемија на КОВИД-19.

Во февруари 2020 година, потврдено е дека КОВИД-19 пристигна и во Република Северна Македонија. На 18-ти март, претседателот на Република Северна Македонија прогласи вонредна состојба на целата територија на земјата, првично во период од 30 денови, а подоцна вонредната состојба беше продолжена до крајот на мај 2020 година. На 23-ти март, владата воведе полициски час, кој се применуваше на диференциран начин според возрасната група на граѓаните. Полицискиот час започна да се намалува постепено од 8-ми мај, но повторно беше делумно воведен, заради зголемениот број на случаи на заболени лица од вирусот КОВИД-19. На 26-ти јуни, сите граници на Република Северна Македонија беа повторно отворени за сите патници.

Пандемијата КОВИД-19 се очекува да има значително краткорочно и среднорочно влијание врз однесувањето на граѓанството, развојот на економијата а со тоа и на системот за формално стручно образование и обука (СОО) и неформалниот систем за развој на стручни вештини (РСВ) во Република Северна Македонија.

Овој документ има за цел да ги потенцира важните предизвици во овој поглед и да послужи како основа за понатамошен развој на системот за СОО/РСВ во периодот по завршување на пандемијата КОВИД-19. Документот служи како основа за дискусии меѓу засегнатите страни во системот за СОО/РСВ.

# 2. Општество

Пандемијата КОВИД-19 влијае на сите сегменти на македонската популација. Зголемување на нееднаквоста, социјалната исклученост или ексклузија како и невработеноста на краток и среден рок може многу лесно да се предвидат, особено за членовите на најранливите групи - луѓето кои живеат во сиромаштија, постарите лица, младите, жените, ромите или лицата со попреченост. Иако владата обезбедува социо-економска поддршка за сите граѓани, без специјални или посебно осмислени мерки, овие групи се изложени на голем ризик да не можат да пристапат до минимални услови за достоинствен живот - било да е тоа социјална интеграција, здравствени услуги, образование или вработување.

Според брзата проценка на влијанијата врз вработувањето и политиките за намалување на влијанијата од страна на МОТ[1], намалувањето на работното време т.е. работните часови во текот на вториот квартал на 2020 година е еквивалентно на загуба од 85.550 работни места со полно работно време, што кореспондира со приближно 11% од работоспособното население. Ова ќе ги наруши можностите т.е. шансите на младите и маргинализираните групи да најдат пристојна работа, бидејќи тие се веќе диспропорцијално невработени додека многу од оние кои се вработени имаат несигурни договори за работа или работат во неформалниот сектор, што ја зголемува нивната ранливост. Неизвесно е дали кризата предизвикана од КОВИД-19 и започнувањето на преговорите за пристапување во ЕУ ќе имаат значително влијание врз миграцијата на младите во Западна Европа или ЕУ во блиска иднина.

Во овој период, македонското општество и економија се должни да интегрираат непознат број граѓани кои вообичаено се ангажирани како сезонски работници во странство. Голем дел од нив работат во странство во економски сектори како на пример угостителство, туризам, земјоделство, итн., сектори кои можеби ќе имаат потреба од помал број на лица

[1] https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---europe/---ro-geneva/---sro-budapest/documents/publication/wcms_746124.pdf

за вработување во 2020 година а и во наредните години, како резултат на ситуацијата предизвикана од КОВИД-19. Сепак, оваа група може да се смета како можност да се интегрираат квалификувани професионалци со работно искуство во македонскиот пазар на труд.

Кризата предизвикана од КОВИД-19 и очекуваната рецесија, јасно укажуваат на важноста на функционирање на јавните услуги, како што се здравството, грижата за стари лица и грижата за децата, образованието, како и потребата за подобрена јавна инфраструктура и добра (снабдување со електрична енергија, снабдување со вода и сл.) кои може да влијаат на занимањата и квалификациите кои се потребни на пазарот на трудот.

Имено, кризата може да доведе до зголемен интерес кај населението за барање на „сигурни работни места“ во јавниот сектор, што пак ќе го зголеми притисокот врз приватниот сектор да најде доволно (квалификувана) работна сила, бидејќи таа група е сè уште мала и е во фаза на развој.

Кризата предизвикана од КОВИД-19 иницираше и процес на дигитализација во Република Северна Македонија (но и глобално) што ќе трае и ќе наметнува предизвици, но исто така ќе обезбеди и нови можности во економијата, образованието и во другите сфери на општеството. Главниот предизвик во овој поглед е да се осигура дека сите групи во општеството ќе имаат пристап и ќе имаат корист од процесот на дигитализација.

## 3. Економија

Негативното влијание врз економијата предизвикано од кризата станува уште поочигледно со текот на времето и економските последици не се поволни ниту сега, ниту на краток рок. Поради значителното намалување и нерамнотежата помеѓу понудата и побарувачката, економиите се соочија со силни шокови и го ослабнаа отпорот на стопанските субјекти.

Додека побарувачката за одредени производи и услуги драматично се зголеми (медицинска опрема, електронски платформи за комуникација, електронски плаќања и сл.), за други производи и услуги (туризам и угостителство, автомобилска индустрија, итн.) побарувачката значително се намали. Во исто време, добавувачите не можат да ја задоволат зголемената побарувачка за бараните производи и услуги. Транспортниот сектор се соочува со сериозни потешкотии како резултат на ново наметнатите национални мерки за заштита во секоја земја, што покажува дека постои суштинска зависност од глобализираната економија. Денешното производството е премногу зависно од транспортот и трговијата бидејќи еден производ е составен од делови кои се произведуваат во различни земји. Сите овие аспекти имаат и ќе влијаат врз развојот на македонската економија.

Постојат дополнителни специфичности кои бараат силна посветеност од страна на сите засегнати страни заради надминување на ситуацијата. Како мала земја во развој, Република Северна Македонија се соочува со потешкотии заради ограничените финансиски ресурси. Со постојниот голем јавен долг, можностите за воведување итни економски мерки за поддршка на компаниите/економијата се многу ограничени. Приходите во државниот буџет нема да бидат доволни за да се задоволат расходите и барањата за расходи и секако оваа состојба ќе води кон поголем буџетски дефицит од првично планираниот. Населението не е отпорно на финансиска криза, имајќи ги во предвид веќе ниските нивоа на приходи кои се регистрираа во минатото. Оваа состојба може повторно да стави повеќе граѓани во опасност од сиромаштија. Покрај тоа, засегнатите страни ќе се воздржат од набавки и инвестиции, со што економскиот раст ќе биде негативен, или во најдобар случај ќе остане на исто ниво.

Бидејќи оваа криза ќе биде вонредна лекција за економијата и општеството, треба да се истражат и применат нови начини за водење на бизнис кои со сигурност ќе имаат големо значење и влијание од дигитализацијата во рамките на новата работна реалност.

# 4. РСВ/СОО

Пандемијата го наруши завршувањето на учебната 2019/2020 година, што најмногу влијаеше на СОО[2]. Имено, сите можности за учење или стекнување на вештини преку практично искуство (или во училишните простории или преку практична обука во компаниите / УПР) станаа невозможни за реализација заради владините ограничувања. Иако МОН и Центарот за стручно образование и обука упатија повици до наставниците да изработуваат материјали што ќе се споделуваат на интернет преку платформата ЕДУИНО (првично изработена и наменета да им служи на ученици од предучилишно образование и од основно образование), реакциите и одговорите се слаби, па така учениците ги следат часовите благодарение на мерките кои индивидуално се организирани од страна на нивните училишта, за кои сè уште нема официјални информации (во однос на постигнатите ефекти). Делумно ограничените дигитални вештини на персоналот во секторот за образование претставуваат потешкотија, заедно со потребната опрема како кај наставниот кадар така и во домаќинствата на учениците.

Процесите за воспоставување на соработка со бизнис секторот не се целосно запрени, но во моментов се сериозно погодени како резултат на економските потешкотии со кои се соочуваат компаниите и прашањето за гол опстанок кај многу од нив. Летната пракса е целосно откажана за летото 2020 година, а во моментов се разгледуваат решенија како тоа да се надомести. Сепак, нема индикации дека бизнис секторот се консултира или е вклучен во самиот процес.

Пандемијата исто така има значително негативно влијание врз неформалниот систем за РСВ[3]. Бидејќи пандемијата започна нагло, немаше доволно време за соодветно прилагодување на новата ситуација. Обврските за задолжителните здравствени и заштитни мерки дополнително го влошуваат контекстот на сè уште слабиот неформален систем за РСВ и кризата што се одлеа на површината е всушност поголемиот број на недостатоци кои претходно беа запоставени. Предизвиците не можат да се надминат со брзи решенија и импровизација, како во нормални времиња.

Ниското ниво или недоволните инвестиции во образованието во минатото, надополнето со слабата училишна инфраструктура, неправилното усогласување на неформалниот систем за РСВ како и потребите на пазарот на трудот и недоволната дигитализација во образованието воопшто, се дел од предизвиците за кои се потребни иновативни мерки во ова тешко време.

По првичниот шок од појавата на пандемијата КОВИД-19, релевантните институции и провајдерите за РСВ, започнаа интензивни дискусии и како резултат на тоа координацијата меѓу нив значително се подобри. Центарот за образование на возрасни започна да ја подобрува комуникацијата со провајдерите за РСВ и започна да ги прилагодува процесите во рамките на самата институција кон новата состојба (електронски документи, онлајн барања за верификација итн.). Агенцијата за вработување стана проактивна во информирањето и во понудата на услугите и мерките за невработените лица. Тие ги споделуваат информациите преку електронска пошта, СМС, телефонски повици итн.) или физички, со почитување на специфични протоколи. Покрај тоа, дел од мерките наменети за компаниите беа промовирани од страна на здруженијата (претежно преку електронска пошта). Тековниот видлив интерес (според бројот на апликации) за мерките покажува дека промоцијата е добро прилагодена.

[2] Формалното стручно образование и обука се сфаќа како средно образование во траење од две години, три години и четири години, кое се регулира од страна на државата и се имплементира од страна на државата во се поголема соработка со економскиот сектор. Формалното стручно образование и обука ги квалификува учениците за влез на пазарот на труд и за влез во високо образование.

[3] Неформалниот систем за развој на стручни вештини се однесува на одредени вештини кај младите лица и возрасните од страна на провајдери на стручни вештини кои може да бидат не-владини организации, средни стручни училишта, деловни или бизнис асоцијации или било кој друг субјект кој има капацитети да го зголеми вработувањето и да го поддржи вработувањето на учесниците т.е. на лицата кои ги стекнуваат стручните вештини.

Соработката помеѓу здруженијата и регионалните центри на АВРМ очигледно е подобрена, иако таквата соработка се одвива преку дигиталните медиуми. Иако првите позитивни реакции се видливи во неформалниот сектор за РСВ, системот сега има за задача да дефинира стратегија насочена кон надминување на предизвиците на долг рок.

# 5. Клучни предизивци поврзани со КОВИД -19

***Македонската економија треба да ги дефинира потребите за работна сила врз основа на плановите за економски развој (занимања, квалификации, број)***

Соодветната употреба/трошењето на финансиските ресурси ќе добие на важност бидејќи економските субјекти ќе се соочат со загуби. Точните и навремени информации за пазарот се важни за да се обезбедат ефективни и ефикасни расходи со позитивен исход, без оглед дали се работи за приватни или државни фондови. Ваквата анализа заснована врз моменталната состојба на пазарот во комбинација со очекувањата на приватниот сектор ќе ги покаже националните економски перспективи за во иднина. Ова мора да стане тековен процес кој ќе се повторува, одобрен од сите приватни и институционални чинители и за време на криза треба да се прави уште почесто, а не само на годишно ниво. Покрај тоа, процесот треба да биде инклузивен и консензуален, и да вклучува реална перспектива за напредок. Планот/моделот за економски развој е основа за правилно планирање на потребните вештини, компетенции и квалификации со цел да се прилагодат училишните системи за да одговорат на потребите на пазарот. Најважно е да се има визија за иднината, но таа треба да го опфати реалниот потенцијал за развој.

Економските сектори се различно погодени од кризата која ја предизвика КОВИД-19. Додека некои подигитални сектори и сектори засновани на канцелариско работење (на пр. финансии, управување) би можеле да продолжат со својата работа во голема мерка, други сектори како производство или преработката на храна треба значително да ја прилагодат својата работна околина. Ова ја нагласува потребата од постојано ажурирани планови за економски развој на ниво на економски сектори. Сродните професионални здруженија треба да ја зајакнат својата функција и да делуваат како мост помеѓу компаниите и одговорните институции за РСВ/СОО. Покрај соработката на национално ниво, зајакнатата регионална соработка помеѓу приватниот сектор и провајдерите за РСВ/СОО ќе му ја овозможат потребната сигурност на приватниот сектор во однос на квалификувана работна сила, што пак е клучно за нив да инвестираат во својот бизнис.

***Формалниот систем за СОО и неформалниот систем за РСВ се соочени со предизвикот за подобро да се усогласат со потребите на пазарот на трудот и потребите на општеството.***

Како последица на пандемијата КОВИД-19, владата треба да направи приоритет на економските сектори кои се покажаа како неразвиени или имаат недостаток на квалификуван персонал (на пр. здравство, јавен превоз). Подобрената координација на мерките за поддршка на системот за РСВ/СОО од различни министерства ќе ги стимулира и насочува понудите за неформален РСВ кон квалификации од висок национален приоритет. Министерствата, заедно со единиците на локалната самоуправа и приватниот сектор, треба да го промовираат СОО, не само во генерална смисла, туку и специфичните потребни занимања во регионите, согласно потребите на пазарот на трудот.

На училиштата за стручно образование и обука им е потребна флексибилност за брзо прилагодување на наставните програми во согласност со развојот на пазарот на трудот. Наставните програми во училиштата за стручно образование и обука кои се однесуваат на

струки кои бележат намалена побарувачка можат да се спојат или заменат со наставни програми за нови струки/занимања.

Стопанските комори и секторските здруженија треба дополнително да ја зајакнат својата соработка со АВРМ и со провајдерите за РСВ, со цел заеднички да создадат понуди за РСВ со висок степен на вработливост или дополнителен потенцијал на квалификација. Ова исто така вклучува и реинтеграција на луѓето кои ги загубиле своите работни места како резултат на кризата предизвикана од КОВИД-19.

***Јавниот и приватниот сектор треба да ги зголемат инвестициите во РСВ/СОО со цел да ги надминат последиците од КОВИД-19 и да ја зајакнат економијата на долг рок.***

Мерките, заедно со координираната примена на фискалните и монетарните политики кои што беа воведени како поддршка на здравствениот систем, за да се спречат луѓето од губење на своите работните места, за да ги спасат компаниите и за да поддржат одржливо закрепнување, треба да бидат дополнително разгледани.

Фискалните и монетарните политики мора да планираат т.е. да вклучат дополнителна поддршка за вработување и социјална заштита, што е тесно поврзано со инвестициите во РСВ/СОО кои се ориентирани кон пазарот на труд. Со оглед на специфичните предизвици со кои се соочува пазарот на трудот во контекст на КОВИД-19, отворањето на дискусија во која државните политики/мерки за стимулирање (за бизниси, стручни училишта и сл.) ќе ги вклучат системите за РСВ/СОО е од голема важност.

Владата и одговорните министерства треба да инвестираат во програми за обука и вработување што може да бидат ефикасен одговор на кризата но и после кризата, особено ако овие програми се прилагодени за да ги ублажат ризиците од КОВИД-19 или за да се стекнат нови потребни вештини како резулат на пандемијата. Ваквите политики треба да се осигураат дека се направени потребните инвестиции за надградба на вештините на работниците за да се олесни повторно вработување или преквалификација во секторите кои работат подобро или се зголемуваат како резултат на пандемијата (на пр. здравство, храна, транспорт, комуникација).

Националните програмите за вработување можат да таргетираат различни мулти-секторски потреби (како што е здравствена заштита и грижа) во различни субјекти или провајдери кои овозможуваат обука/образование, компании и јавни инфраструктурни субјекти.

Создавањето на среднорочна и долгорочна стратегија/план за зајакнување на идната еластичност на формалниот систем за СОО и неформалниот систем за РСВ е од голема важност.

***Во време на економски пад и зголемена борба за опстанок, на компаниите / работодавачите им е потребна системска поддршка за да ја одржат својата улога во СОО со примена на учење преку работа.***

Со заклучоците дека нарушувањето на образовниот процес ќе има последици врз развојот на човечкиот капитал[4], како на среден, така и на долг рок, од најголема важност е бизнис заедницата да не ја занемари својата улога во развојот на образованиот процес, бидејќи така може да се влошат последиците и истите да бидат прилично долгорочни, да се влијае на нивото на продуктивност и да предизвика акутен недостаток на соодветна работна сила во иднина. Потребно е да се оддржува вклученоста на деловниот сектор во градењето на

[4] Редовен Економски Извештај за Западен Балкан бр.17, пролет 2020 година, Светска Банка.

вештини кај младите, а потребно е да се размислува и за помош т.е. поттикнување на нивната вклученост во периодот на нивното економско закрепнување.

Во време на економски кризи, тешко е да се предвиди развој на бизнисот, а со тоа и да се предвидат вештините и човечките ресурси - што е често примарен мотиватор за вклучување во стручно образование и обука. Ова значи дека треба да се стимулира учењето засновано на работа (УПР) во тековниот образовен модел (на пр. промовирање на добри примери, насочени стимулации и мерки за поддршка за компаниите и училиштата за стручно образование и обука, дополнителни мерки за специфични сектори). Моделот за стимулирање може исто така да придонесе и за ублажување на ризиците од превземање на работници и за решавање на недостаток на секторска социјална одговорност после кризниот период.

Образовниот систем секогаш мора да има предвид дека применливоста на УПР зависи од посветеното учество на работодавците, кои треба јасно да ги разберат нивните интереси и придобивки од инвестирањето. Потребна е стратегија за да се обезбеди јасна визија за развојот на системот за стручно образование и обука, особено во врска со воведувањето на дуалниот пристап, така што ќе се изготват соодветни мерки за поддршка на работодавците во делот на УПР од тековниот образовен модел како и за работодавците кои би биле вклучени во дуалниот пристап.

Одлуките за планови за образовно дополнување кои вклучуваат надоместување на пропуштените периоди на УПР поради КОВИД-19 (и други причини), треба да се донесат во консултација со бизнис заедницата, со оглед на изводливоста на предложеното решение или решенија.

***Потенцијалните среднорочни и долгорочни влијанија на КОВИД-19 треба да се рефлектираат во идните модели на финансирање на формалниот систем за стручно образование и обука и неформалниот систем за развој на стручни вештини.***

На образованието му е потребна поддршка за да се спречи појавата на „изгубена генерација“ на ученици во СОО. Влијанието на КОВИД-19 и пост-КОВИД-19 врз економијата може да создаде притисок врз капацитетот на семејствотото да го поддржат образованието на децата. Финансирањето на јавното образование може да има долгорочни ефекти врз успехот на ученикот, така што треба да се зголеми финансирањето во областите кои имаат најголема потреба (формула за финансирање која се насочува најмногу кон најранливите категории, кон дополнителни блок дотации, кон условни или безусловни парични трансфери за семејства, поддршка / ослободување на семејствата од трошоците за училиште / компанија за практично учење и УПР).

Кризата ги поттикна образовните системи кон примена на учење преку интернет и ИКТ. Владата и МОН ќе треба да ги алоцираат потребните финансии за проценка и за вметнување на овие иновации во системот (хардвер и софтвер што се користи за учење преку интернет во училиштата за стручно образование и обука и од дома).

За среднорочно функционирање на СОО, треба да се пресметаат трошоците и да се алоцираат финансиски средства за обезбедување на соодветни услови во училиштата за стручно образование и обука (заштитна опрема и материјали, помали групи на ученици во училниците, флексибилни распореди на настава и наставници за теоретско учење и практична обука, итн.) Потребни се дополнителни ресурси за управување со кризи, координација, планирање, логистика и контрола на инфекција/пандемија во училиштата за стручно образование и обука.

Тековната состојба бара поефективно и поефикасно распределување на ресурсите за стручно образование и обука и развој на стручни вештини, засновано врз потребите на пазарот на трудот. Владата треба да донесе решенија и одлуки засновани на докази, имајќи

ги во предвид проценките и повратните информации од бизнис секторот за мерките што помогнаа да се ублажи влијанието од КОВИД-19.

Политиките и протоколите насочени кон заштита на работниците за време на пандемијата, треба да опфаќаат и специфични барања за заштита на учениците вклучени во практичната обука. За спроведувањето на овие мерки („дополнителни“ трошоци за учениците и менторите во компаниите) можеби ќе биде потребна финансиска поддршка за компаниите.

***Поради КОВИД-19, училиштата за СОО и компаниите вклучени во ЈПП треба да ја прилагодат практична обука (програми за обука, методологија на предавање / учење, проценки, критериуми за заштита и безбедност, итн.) со цел да се гарантира квалитетно стручно образование и обука***

За да се намали сегашната неизвесност, одговорните институции треба да размислат за организирање на обуки и систем за споделување на информации за засегнатите страни (родители, студенти, ментори, компании и сл.) со цел тие да се запознаат со новите критериуми за заштита/безбедност и хигиена во РСВ/СОО.

МОН заедно со бизнис секторот треба да формира формална комисија / советодавна група (составена од експерти од различни засегнати страни) која ќе биде одговорна за набљудување, анализирање и предлагање на мерки на дневна основа и измени за решавање на тековните и среднорочните предизвици поврзани со влијанието на КОВИД-19 врз секаков вид практична обука во СОО.

Законот за стручно образование и обука, подзаконските акти, различните концепти и стратегии и слично треба експлицитно да им ја обезбедат потребната флексибилност на училиштата за стручно образование и обука и на работодавците во однос на тоа како да применат УПР и проценка на истото, во поглед на ново наметнатата состојба. Ова ќе го ублажи фактот дека студентите влегуваат во пазарот на трудот со помалку искуство стекнато преку УПР за разлика од планираното / потребното искуство. Затоа, системот треба да го утврди минималниот број на часови на неопходна практична обука за да се гарантира квалитет на стекната квалификација (број на часови и ниво на квалитет постигнат пред дипломирањето). Овие процеси треба да го вклучат приватниот сектор за да се осигура дека тие се дел од процесот и се посветени во неговата реализација.

Сценаријата за практична обука треба постојано да се прилагодуваат сѐ додека не заврши пандемијата - да се преиспитуваат начините на групирање на учениците (односот наставник-ученик и ментор-ученик), критериумите и протоколите за заштита и безбедност и да се обезбедат ефективни канали за комуникација за размена на информации помеѓу наставниците и менторите на компаниите во сите чекори од процесот на обука (подготовка, реализација, проценка).

Доколку не е безбедно или соодветно учениците да продолжат во работната средина на одредена компанија, треба да се земат во предвид различни алтернативи. Треба да се разгледува и можноста за реализирање на УПР од далечина и дали тоа може да се реплицира / да биде соодветна замена за УПР кое се спроведува во компанијата (во однос на резултатите од учењето и критериумите за проценка). Исто така, треба да се воспостави дополнителна поддршка и надзор на учениците за да се проценат можностите за продолжување на активностите на УПР (или во компанијата, или преку друга соодветна алтернатива). Било кои други алтернативи треба да ги земат во предвид потребите на учениците, вклучително и дополнителна потреба за поддршка или ресурси а при тоа да се оддржува соодветен академски стандард и квалитет.

.

***На наставниците за стручно образование и обука им е потребна непосредна системска поддршка за да одговорат на новите предизвици (на пр. дигитализација) и да бидат во чекор со развојот на секторот што го предаваат.***

Дигитализацијата во образованието подразбира вклучување на учењето преку интернет во наставната програма т.е. во изработката на модули за обука; во обезбедување на квалитет и контрола на квалитетот;  како и воведување на нови алатки и методологии. За ова е потребно да се овозможи поддршка во професионалниот развој на наставниците за да може истите да станат медијатори за учење на далечина, да користат платформи за учење преку интернет, да ги зајакнат нивните дигитални вештини, како и да се овозможат механизми за нивно надградување на полето/областа во која што предаваат (каде што повторно е потребна соработката со бизнис секторот).

Развојот на наставниците треба да се движи во насока која ќе им овозможи на наставниците да креираат и применуваат свои содржини, методи и сл., а не да постапуваат или дејствуваат само според упатства и претходно подготвени материјали. Нивниот наставен пристап треба да го поддржи развојот на флексибилна идна работна сила, т.е. млади лица кои се способни да користат ИКТ за учење, кои имаат став и се подготвени за решавање на проблеми, кои имаат социјални вештини итн.

Треба да се воспостават соодветни механизми кои ги стимулираат и прифаќаат напорите на наставниците во овој поглед. Ова ќе создаде одредена конкуренција помеѓу наставниците а тоа ќе резултира во подобар квалитет на наставата.

Тенденцијата во примената на мешаното учење наведува дека постигнувањето на резултати од учењето до моментот на стекнување на одредена квалификација во голема мера зависи од внимателен избор на материјали и алатки за учење, како и усвојување на методологија на предавање / учење што ја рефлектира работната реалност за која се квалификуваат учениците.

***Провајдерите или организациите кои обезбедуваат развој на стручни вештини треба да ги прилагодат своите понуди согласно на модифицираните потреби на пазарот на трудот, и истовремено да размислат за намалената куповна моќ, за потребите од преквалификација на работниците кое се сметаат за технолошки вишок како и за новите трендови кои се појавуваат.***

Тешко е да се предвидат со точност трендовите на пазарот на трудот во иднина, но одредени трендови се веќе очигледни. Имено, куповната моќ на народот генерално ќе се намали. Основните потреби (храна, комунални услуги, ќирија, рата за станбен кредит и слично) ќе имаат предност над личниот развој. Значи, се очекува дека и личните инвестиции во неформалниот систем за РСВ ќе се намалат. Од друга страна, загубата на работни места ќе ја зголеми потребата за преквалификација на ново-невработените лица, што ќе доведе до зголемена побарувачка за неформален развој на стручни вештини. Главниот предизвик или прашање е кој ќе ги сноси трошоците за обуките за преквалификација, и во таа смисла е потребна силна соработка меѓу државата и бизнис секторот. Сите расположиви механизми за финансирање кои ги обезбедуваат државата и приватниот сектор треба да го поддржат (повторувачкиот) процесот на влез на пазарот на труд.

Очигледно е дека кризата ќе го смени до одреден степен начинот на кој живееме и работиме. Зголемената употреба на телемедицина, купувањето преку интернет или виртуелното оддржување на состаноци се само пример за ваквите нови однесувања и нов начин на живот. Ова значи дека ќе бидат потребни нови / подобри компетенции и вештини кај вработените и лицата кои бараат работа, што пак создава нови можности за провајдерите на стручни вештини. Заради претходно наведеното, од големо значење е да се зајакне соработката помеѓу работодавците и провајдерите на стручни вештини, со цел

тие да можат да ги усогласат своите понуди кон ново настанатите или изменети потреби на пазарот на трудот. Од друга страна, потенцијалните мерки за поддршка (на пр. Оперативниот план) треба да засноваат многу повеќе на интервенции кои имаат најдобар резултат со цел да се создаде сектор за развој на стручни вештини кој е одржлив и е заснован на реална побарувачка за стручни вештини наместо сегашниот сектор, кој е доста зависен од финансиската поддршка на државата и меѓународните донатори.

***Инвестициите во дигитализација и современите технологии во РСВ/СОО треба да имаат јасна стратегија која ги зема во предвид перспективите на економските сектори и сродните занимања***

Квалитетен систем за РСВ/СОО може да се постигне само преку значителни инвестиции во дигитализација и во современи технологии. Ова е постојан, скап процес кој бара добра соработка помеѓу државата и приватниот сектор и транспарентна стратегија за инвестирање.

Следејќи го пристапот на регионалните Центри за стручно образование и обука (ИПА II), инвестициите во дигитализација и модерните технологии[5] за обука на училиштата за стручно образование и обука треба да бидат водени од економските и перспективите за вработување во различни региони во земјата. Најоддржливиот начин за финансирање и оддржување на современите технологии за обука на долг рок е да постои целна соработка помеѓу општините, училиштата за стручно образование и обука од истиот регион или област.

Зголемените можности за обука за учениците во добро опремените компании (УПР) ќе им овозможат на училиштата за стручно образование и обука (на државата) да ги насочат своите инвестиции во современи технологии за обука, соодветни за учениците да стекнат основни практични вештини. Компаниите сакаат да придонесат за достапноста на ваквите технологии во училиштата за стручно образование и обука, но доколку самите компании идентификуваат директна придобивка за себе. На ова може да се гледа како бенефит за подобрување на вештините на матурантите во училиштето како нивни идни вработени, или пак како на чин / постапка за управување или подобрување на општествената одговорност на компанијата.

***Активните политики на пазарот на трудот (на пр. Оперативниот план) имаат потреба од адаптирани / дополнителни мерки за да им служат на различните целни групи како што се младите, долгорочно невработените лица, лица категоризирани како технолошки вишок, сезонски работници, жени итн.***

Меѓународните експерти, во неколку наврати препрорачуваат зголемена флексибилност на мерките во рамките на Оперативниот план. Оваа флексибилност ќе овозможи побрза реакција или адаптација кон потребите на пазарот на трудот, особено во неповолна и ранлива ситуација, во каква што сме сега. Строгата и ригидна дефиниција, која се однесува на мерките за обука, нема да обезбеди значителен позитивен резултат на пазарот на трудот. Во моментов, како резултат на кризата предизвикана од КОВИД-19, искористеноста на средствата наменети за Оперативниот план е на ниско ниво, кое надополнето со бавната реакција кон потребите на пазарот, не обезбедува значителна додадена вредност на пазарот. Државата и приватните чинители треба да најдат соодветна рамнотежа помеѓу флексибилноста и ригидноста на активните мерки на пазарот на трудот, имајќи ги предвид различните целни групи.

[5] Технологија / опрема чија главна намена и цел е обука на ученици.

Покрај тоа, политиките и мерките треба да се прилагодат на развојот на пазарот на трудот. Тука, можат да се искористат меѓународните искуства за поддршка на процесот кон создавање на поефективни и поефикасни мерки на пазарот на трудот.

***Потребни се дополнителни мерки за подобрување на инклузивноста на маргинализираните групи во РСВ/ СОО и пазарот на трудот.***

Поради ново-настанатите околности предизвикани од КОВИД-19, инклузивноста на системите за РСВ/СОО и пазарот на труд во однос на маргинализираните групи стана уште попроблематична. Од една страна, овие групи се изложени на поголем ризик да заболат од КОВИД19, а од друга страна, исто така, тие се повеќе погодени заради пропуштањето на различни можности во однос на РСВ/СОО и пазарот на трудот. Затоа, многу е важно владата и другите релевантни актери на системот да ги поддржат маргинализираните групи, интегрирајќи ги како еднакви во сите мерки за поддршка што се нудат за справување со КОВИД-19, а исто така и преку дизајнирање на посебни мерки кои посебно ги таргетираат потребите на маргинализираните групи.

На краток рок, пред да се поддржи инклузивноста на системите за РСВ/СОО или на пазарот на трудот, владата и релевантните актери треба да обезбедат заштита на маргинализираните и ранливите групи во однос на КОВИД-19 со тоа што ќе им обезбедат пристап до производи за хигиена и ќе ги едуцираат како да спречат изложеност на вирусот. Слично на тоа, владата и релевантните актери треба да дизајнираат мерки за помош во смисла на финансиска поддршка и здравствена безбедност, вклучително и мерки за поддршка на менталното здравје, кои во вакви времиња стануваат суштински. Во меѓувреме, образовните институции и приватниот сектор не треба да ги исклучуваат маргинализираните групи од нивните планови за ублажување на ризиците со цел да се прилагодат на сегашната состојба.

Неформалните провајдери за развој на стручни вештини треба да ги информираат и да ги вклучат маргинализираните групи во онлајн обуки, во индивидуални или групни онлајн сесии или во рамки на други безбедни платформи за комуникација преку кои ќе можат да учествуваат во РСВ. Во слична насока, училиштата за стручно образование и обука треба да се осигураат дека учениците од маргинализираните групи не заостануваат во споредба со другите ученици. И во двата случаи, пристапот до дигиталните уреди е од клучно значење. Затоа, поставувањето на инфраструктурата / предусловите за да се постигне инклузијата е од клучно значење.

Работодавците кои можат да ги прилагодат своите активности во оваа ситуација треба да им овозможат на сите свои вработени, вклучително и на вработените со попреченост да работат во компанијата но и да работат од далечина. Притоа, работодавците треба да бидат навистина претпазливи, затоа што работата од далечина може да има несакани последици врз различни аспекти - продуктивност, контрола на квалитетот, ментално здравје и слично. Конечно, прашањето за тоа како да се справиме со последиците од пост-КОВИД-19 периодот врз маргинализираните и ранливите групи станува уште поважно со оглед на фактот дека многу луѓе кои порано едвај врзувале крај со крај, најверојатно сега ќе потпаднат во категоријата на маргинализирани групи заради загубата на нивните работни места или која било друга поддршка што ја користеле а која била укината или стопирана за време на пандемијата. Врз основа на препораките на Владата, работодавците имаа обврска да ги ослободат од работа своите вработените кои се родители на деца до 10-годишна возраст, при што оваа мерка најмногу ја користеа жени, иако мерката не го ограничуваше полот на вработеното лице. Ова може да има негативно влијание врз идните трендови на вработување на жените. Овие прашања бараат холистички пристап и сериозни размислувања од страна на владата, бизнис организациите, организациите за лица со попреченост, невладините организации,

донаторите и од сите други чинители на системот, кои треба да бидат проактивни и да се придружат на напорите за поддршка на оние на кои им е потребна помош.

***Родителите / младите треба интензивно да се информираат дека СОО е подеднакво безбеден кариерен пат споредено со општото образование.***

На СОО сѐ уште не се гледа како на одржлива кариерна опција, како од страна на учениците, така и од страна на нивните родители, кои пак имаат големо влијание врз учениците при изборот на средно образование. Ова се должи на неколку причини, меѓу кои главна причина е фактот дека и двете групи не се добро информирани за потребите на пазарот на трудот, за секундарните опции на стручното образование и обука и за кариерните можности што следуваат подоцна во животот. Овој недостаток на информации е исто така поддржан и од перцепцијата дека училиштата за стручно образование и обука имаат низок квалитет на предавања и слаба инфраструктура. КОВИД-19 може уште повеќе да ја влоши ваквата перцепција заради околностите поврзани со „здравствената заштита и безбедност“ и тековните реакции поврзани со наставата во СОО (учениците од стручно образование и обука треба да учат на две различни места: училиште и компанија, така што општо образование што се нуди само во училиштата може да се гледа како побезбедна и проактивна при давањето решенија за настава).

Затоа, системските актери како МОН, Центарот за СОО, училишта за СОО и приватниот сектор треба заеднички да настапуваат и да овозможат средина во која ќе бидат многу повидливи придобивките од средното стручно образование и обука, заеднички ќе работат на подобрување на квалитетот на СОО, особено преку создавање и користење на поволни услови за градење на практични вештини, како во самото училиште така и во реалните работни средини, т.е. во компаниите. Во овој поглед, за време на самата пандемија, Центарот за стручно образование и обука, поддржан од проектот Е4Е@мк, изработи Водич низ квалификациите во стручното образование и го дистрибуираше преку различни дигитални канали со цел да ги информира учениците и нивните родители. Ова е многу значаен чекор во однос на информирање на партнерите / младите за различните квалификации во рамки на стручното образование и обука, но не се очекува дека ќе има поголемо влијание врз одлуката на родителите да го одберат стручното образование и обука наместо општото средно образование. Оваа иницијатива е поддржана и од одреден број на индивидуални промотивни напори на неколку училишта за стручно образование и обука за привлекување ученици, што обично се реализира преку социјалните медиуми. Исто така, националната кампања за промоција на стручни занимања и стручно образование која отпочна минатата година, ги интензивираше своите активности за промовирање на СОО, со оглед дека јуни е месец кога се реализираат уписите во средно образование. Промовирањето на СОО оваа година беше сериозно попречено заради пандемијата, но идните промотивни активности ќе треба да се засноваат на заеднички промоции во соработка со бизнис секторот, како во 2019 година.

Понатаму, привлечноста на стручно образование и обука може да се подобри со употреба на занимања и профили кои се поврзани со услуги кои не се засегнати и остануваат неопходност за функционално и здраво општество дури и за време на пандемија (како што се: земјоделство и производство на храна, преработка и испорака, производство и одржување на електрична енергија, водоснабдување, грижа за деца и постари лица, градежништво и др).

## 6. Заклучок

Имајќи во предвид дека акцентот се става на развојот на практични вештини и односот со приватниот сектор, формалното СОО и неформалниот РСВ се повеќе погодени од пандемијата КОВИД-19 отколку што е погодено општото образование. Во Република Северна Македонија, кризата ги изнесе на виделина неспостоечките инвестиции во инфраструктурата, развојот на човечките ресурси, практичната обука, процесите на децентрализација, пазарната ориентација, дигитализацијата и сл., кои сите заедно придонеле за постоењето на слаби системи за СОО/РСВ, кои едвај ги исполнуваат очекувањата на учениците или очекувањата на работодавачите да најдат обучена работна сила и можеби затоа на СОО/РСВ се гледа како втора опција споредено со општо образование.

Како и да е, пандемијата КОВИД-19 е факт и затоа треба да се гледа на истата како вистински предизвик што треба и мора да се реши. Проектот E4E@mk е убеден дека треба да се задржи скоро иницираното насочување кон пазарно ориентиран и инклузивен систем на СОО/РСВ, со посилен ангажман на приватниот сектор и со нагласен развој на практични вештини, бидејќи ова е единствената опција која ветува дека може да обезбеди квалификуван персонал потребен за развој на македонската економија и оттука да се создадат можности за вработување на луѓето во земјата, особено оние што се од маргинализираните групи. Прилагодувањата и адаптациите кои се споменати во поглавјата погоре треба да се воведат кај сите државни и приватни актери вклучени во СОО/РСВ и истите треба да бидат засновани на заеднички дефинирана стратегија.

Иако меѓународните партнери ќе продолжат да ја поддржуваат Република Северна Македонија во оваа насока, останува на Владата на РСМ и македонската економија да го насочат развојот на РСВ/СОО во интерес на своето население и во интерес на општата социо-економска благосостојба.

## 7. Повратни информации на извештајот

Повратните информации на извештајот се добиени од партнери на проектот/државни институции кои се одговорни за развој на стручното образование и обука. Повратните информации во овој дел од извештајот се презентирани во изворна форма (како што се доставени) и истите го нагласуваат фактот дека сите релевантни чинители имаат исти или слични размислувања по однос на влијанието на КОВИД -19 врз македонскиот систем за развој на стручни вештини/стручно образование и обука како и врз проектот Е4Е@мк:

*„Иако во претходната учебна година беше изработено Упатство за феријална практика и пилотирана неговата примена, поради КОВИД - 19 е донесена одлука да се пролонгира реализацијата на феријалната практика во средното стручно образование за учебната 2019/2020 година. Донесени се Насоки за реализација на феријалната практика и според нив ќе се реализира истата во текот на наредната наставна година - пред почетокот на второто полугодие односно до крајот на месец јануари 2021 година. Сепак, не е донесено решение како ќе се реализира феријалната практика ако продолжи пандемијата“.*

*“Би требало да се зајакнат капацитетите на реалните училишни компании, училишните работилници и лабораториите за вежби во стручните училишта. Особено е важно да се обезбеди стекнување на вештини во рамките на интегрираните наставни програми за техничко образование, но и за оние ученици кои, поради било какви причини, нема да можат да се сместат кај работодавачите“.*

*„За поддршка на наставниците во стручното образование потребно е да се зајакнат капацитетите на Центарот за стручно образование и обука. Како надлежна институција за развивање на стручното образование и обука заради усогласување на потребите со современиот технолошки и општествен развој, зајакнувањето на*

*неговите капацитети ќе придонесе за повеќе видови поддршка на наставниците во нивниот професионален развој“.*

*„Се направи значаен чекор во однос на информирање на партнерите / младите за различните квалификации во рамки на стручното образование и обука, но за да се постигне поголемо влијание врз одлуката на родителите да ги насочуваат своите деца кон стручното образование, во иднина треба да се зајакне промоцијата на стручното образование преку директни средби помеѓу претставниците од основните училишта, родителите и учениците“.*

*„Компаниите би требало да покажат иницијатива и преструктуирање на одредени дејности. Состојбата покажува дека голем дел од работните задачи на една компанија може да се извршуваат надвор од компанијата, односно преку работа од дома (особено административните работи). Потребна е анализа со која ќе се утврди колкава е заштедата за компанијата кога вработениот работи од дома (транспорт, хранарина, заштеда на електрична енергија и сл.), а не решенијата да се бараат во намалување на работната сила„.*

*„Дигитализацијата покажа дека постои дигитална неписменост во одредена мера. Наместо институциите да бидат зависни од Zoom, Kudoway и слични платформи, треба да постои платформа за комуникација на ниво на држава. Второ, наставниот кадар покажа недоволна оспособеност за ваков вид на работење во комбинација со недоволна ИТ опременост (и на институционално ниво и на индивидуално ниво) во државата за ваков начин на работење. Трето, голем дел од учениците го прифатија далечинското учење како ослободување од стегите на секојдневното континуирано учење, при што мал дел имаа помош од своите родители кои во ваква ситуација се јават како тутори на децата“.*

*„Треба перспективно да се размислува и да се идентификуваат решенија и модели за напуштање на централизиран систем на образование и развивање на колаборативниот принцип на работење“.*